***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 13.02.2024 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

Во работата на советот учествуваа 9 (девет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Филип Ангелевски, Валентин Несторовски, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Сашо Михајловски, Марина Димитријовска присутни во салата и советничката Сандра Пејковска учествуваше во работата на советот со употреба на комуникациски средства- преку мобилен телефон, а отсутни беа советниците Данила Давидевска и Јасмина Јовановска. На седницата присутни претставници од општинската администрација беа Мише Милошевски и Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар
2. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура”.
3. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од осум советници, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа ја образложи потребата од свикување на вонредна седница. Имено од страна на Министерството за внатрешни работи стигна допис до Советот на општина Демир Хисар со листа на кандидати за избор на командир на полициската станица Демир Хисар. Поради тоа се свика вонредна седница исто и точката за согласност на инвестицијата е од итен карактер. За дневниот ред гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.
Во меѓувреме се воспостави контакт со советничката Сандра Пејковска за да може да учествува во работата на Советот.

***ТОЧКА 1. Одлука за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар***

Во врска со оваа одлука Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни во дописот со листата на кандидати за избор на командир на ПС од ОН Демир Хисар има три кандидати Советот треба да избере командир. Во насока на ова ги запозна советниците после пензионирањето на командирот на полициската станица Демир Хисар не се спроведе постапка за избор на нов командир. Од тие причини на 15.04.2022 година како Претседател на Совет се обратив до Министерството за внатрешни работи и побарав да се спроведе постапката за избор на командир. Од нивна страна до овај момент не е постапено, нити има некаков одговор зошто оваа полициска станица е оставена без командир. Советничката Марина Димитријовска во својата дискусија истакна согласно Законот за Влада и избор на влада за спроведување избори одредбите од член 46 став (2,3 и 4) цитат: „став 3. Дополнителниот заменик на министерот заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и потпишува сите акти и документи кои ги донесува министерот или лица овластени од него, заменикот на министерот како и државниот секретар во соодветното министерство, а се однесуваат на правните акти, финансиските и кадровските прашања поврзани со организацијата на изборите“-завршен цитат, потоа додаде и член 47 каде се укажува дека секој акт или документ од член 46 ако е потпишан само од едното лице се

смета дека истиот не произведува правно дејство. Во овај случај имаме документ потпишан само од едниот министер, а не и од дополнителниот министер и не е законски. Исто така согласно законот за спречување на корупција и судир на интереси овде конкретно во случајот имаме судир на интереси службени и блиски лица, односно едниот од кандидатите е во роднинска врска со советник. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски повторно го објасни своето предходно постапување, односно по доставеното барање во 2022 година пред скоро две години, од страна на тогашниот министер не е постапено нити има било каков одговор на дописот. Кога се оди согласно одредбите од законите колку време може овластеното лице да не постапува по доставено барање и да нема никаков одговор и тоа е незаконски, и за тоа има определени рокови да даде одговор зошто во Демир Хисар не се поставува командир зошто е оставено празно ова раководно место. Потоа премнина на предложената листа тука има три предложени кандидати, останува советот да донесе одлука кој ќе биде командир. Покрај имињата на листа има и резиме за секој кандидат, но покрај тоа побарав и дополнителни податоци од соодветни лица за да можеме да направиме правилен избор. Кандидатот 1. Марија Талевска од с.Слепче- согласно наведеното ги исполнува законските услови покрај општите услови има завршено високо образование и потребно работно искуство согласно одредбите, кандидат 2. Николче Јошевски од Демир Хисар исто така ги исполнува општите услови и има виско образование и потребното работно искуство, но пред помалку од шест месеци добил унапредување со што неможи да биде избран за командир, бидејќи согласно законот за полиција неможи да има две унапредување во рок помалку од шест месеци и кандидатот 3. Оливер Јанкуловски од с.Вардино исто така покрај општите услови ги исполнува и посебните услови има завршено високо образование и потребно работно искуство согласно законот, но исто и тој пред помалку од шест месеци добил унапредување што е пречка да биде избран за командир. Од ова што го изнесов останува само Марија Талевска најсоодветен кандидат за командир. Пред да дојдеме на Совет направив дополнителни консултации за да можеме да донесеме правилна одлука, додаде претседателот на советот. Советникот Сашо Михајловски повторно укажа на потребата од врзан потпис на двајцата раководни лица во министертото. Потоа дополни во полициската станица треба да има интерен оглас кој ќе биде 2-3 дена на увид за да можат заинтересираните лица да се кандитираат. Советничката Марина Димитријовска додаде дали може да одиме со еден кандидат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски повторно нагласи барање имавме доставено предходно министерот не ни одговори и не постапи сега новиот министер одговори постапи не е незаконско нашето постапување. Незаконско е молчењето од предходниот министер. Од листата на предложените кандидати само еден кандидат ги исполнува условите. Затоа на гласање го стави првиот предложен кандидат Марија Талевска. Бидејќи немаше пријавено за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. За предлогот гласаа 6 „за" и 3 „против".

Советничката Марина Димитријовска додаде секој акт кој не е потпишан од министерот и дополнителниот министер е незаконски и не треба да биде на ставен на дневен ред, исто така овде има судир на интереси. Советникот Аце Јанкуловски објасни доколку предложениот кандидат кој е судир на интереси беше ставен на гласање секако ќе се иземеше од гласање, но бидејќи се гласаше за кандидат кој не е судир на интереси нема пречка да гласа.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура"***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот ,,Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура" објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Имено по објавениот оглас за јавната набавка постигната е повисока цена од планираната, затоа Пелагонискиот плански регион достави известување да се планираат повеќе средства, односно разликата треба да ја обезбеди општината. Претседателот на Советот Љупчо

Најдовски праша дали има средства во буџетот. Претставникот Мише Милошевски објасни Советот носи одлука за кофинансирање, ако Советот е донеси одлуката тогаш средствата ќе се обезбедат со пренамена или ребаланс, доколку не се донеси оваа одлука тогаш нема да може да се реализира проектот. Претседателот на Советот Најдовски додаде подршка треба да се даде. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. За предлогот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 286/3
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.